**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 04.10.2023
| Организациона единица / Njesia org | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 3653 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** ЕФ-ЕМ 90,3 СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 септември 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 октомври 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз радиопрограмскиот сервис на ЕФ-ЕМ 90,3 СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, емитуван на 5 септември 2023 година, на регионално ниво, **констатирани се прекршувања на членот 14 од Законот за медиуми.**

Спротивно на точката 15 од „*Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците*“, во целините од куси радиовести насловени: „Спортски вести на 90,3 ФМ“, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не беа објавени:

- *името и презимето на уредникот на конкретното издание на вестите;*
- *името и презимето на спикерот/новинарот;*
- *името и презимето на лицето задолжено за техничко водство на емисијата;*
- *датумот на продукцијата (ден, месец и година);*
- *името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.*

**5 септември 2023 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ“ | 09:31:28 | 09:35:40 |
| | 10:29:27 | 10:33:15 |
| | 11:29:08 | 11:33:08 |
| | 12:29:30 | 12:34:38 |
| | 13:30:55 | 13:34:00 |
| | 15:30:15 | 15:35:15 |
| | 16:29:48 | 16:34:48 |
| | 18:29:40 | 18:32:25 |
| | 19:30:10 | 19:33:15 |
| | 22:30:50 | 22:34:04 |
| **Опис на прекршувањето:** Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот ни на најавна ни на одјавна шпица не објави импресум за наведените изданија на вестите. | | |

**Белешка**:

Неизоставното емитување импресум по секое издание од засебните емисии / аудиоцелини насловени „*Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ*“, освен на обврските по членот 14 од Законот за медиуми и по точката 15 од „Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците“, се темели и врз следниве аргументи, поврзани пред сè со – „уредувачка одговорност“ врз емитуваната програма:

- емисијата / целината има утврден термин на секој реален час - од 09:30 до 22:30;
- изданијата ѝ траат релативно долго - до 5 минути;
- дел од темите ѝ произлегуваат од македонски спортски настани;
- има автентичен информативен, аналитички и технички ангажман на новинарите / уредниците / техничарите од Радиото, реализиран како: - вести, извештаи и интервјуа (со монтиран тонски запис од изјави на соговорници), осврти/коментари, непосредни репортерски вклучувања во програма што проследува тековни настани;
- емисијата / целината има типична структура на – радиовести / радиодневник.

Како дополнителен аргумент кон акцентирањето на задолжителниот импресум (поврзан со посебната уредувачка одговорност) за информативната емисија / целина - „*Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ*“, треба да се има предвид и следнава споредбена разлика:

Составни делови на двата програмски појаса насловени: „*Спортско утро*“ (по 8 часот) и „*Во ритам со Eurolink осигурување*“ (по 17 часот), низ кои двајцата водители го реализираа вкупниот програмски сервис од 5 септември 2023 година, се честите засебни инфо-целини што и жанровски и структурно, без оглед на различното времетраење, се направени според основните новинарски правила за – радиовести, емитувани под следниве наслови:

- *„Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ“;*
- *„Македонска спортска сцена“;*
- *„Спорт-флеш **Цевитана** - наслови на денот“;*
- *„Premier-вести – спонзорирани од **Sportlife** спортски обложувалници“;*
- *„Calcio-магазин – спонзорирано од **Mozzart**, дел од твојот живот“;*
- *„Меѓународен спорт на Спортското радио 90,3 ЕФ-ЕМ – спонзорирано од **Eurolink** осигурување“;*
- *„Тенис на Спортското радио 90,3 – спонзорирано од **SAVA** осигурување“.*

Забележливо е дека - со исклучок на целините насловени: „*Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ*“ и „*Македонска спортска сцена*“ - сите други горенаведени информативни целини од радиовести се – спонзорирани -, но сепак, реализацијата не им се третира како спротивна на членот 54, став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*забрана за спонзорирање вести*), затоа што се сметаат за – „рубрики“ – врамени во содржината од двата долги забавно-информативни програмски појаса, за кои, пак, земени како целина – спонзорството е дозволено. Дополнително, „рубриките“, емитувани во релативно утврдени термини од програмата, најчесто не се однапред снимени, туку се дел од подготвен или од импровизиран, контекстуално поврзан говор на водителите, а нивната содржина, пак, воопшто не се однесува на – *информирање за политика во спортот како општествена сфера на (можен) интерес*, туку најчесто се сведува на вести од спортот третиран како – шоу-бизнис, спортска статистика, или како – натпреварувачки организирана физичка култура, и тоа не нужно поврзани со теми и со настани од домашната спортска сцена.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, радиопрограмскиот сервис на ЕФ-ЕМ 90,3 СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на 5 септември 2023 година, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести, насловени: „Спортски вести на 90,3 ЕФ-ЕМ“.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на ЕФ-ЕМ 90,3 СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***